БИМ а.д. Свети Николе, Ул.Железничка 164, 2220 Свети Николе
Тел. ++38932 455 377; Факс: ++38932 455 478
Претставништво Скопје ++38902 3213 421
mail:komercija@bim.com.mk; www.bim.com.mk

Т Е Х Н И Ч К И Л И С Т Број: 4310

# БИКУТОП П 4 мм

**ОПИС:** Еластомерна хидроизолациона лента произведена од високо квалитетна битуменска маса, оплеменета со еластомери (SBS), и влошка од полиестерски филц, заштитена од двете страни со полиетиленска фолија или со друг погоден материјал.

**СВОЈСТВА: БИКУТОП П 4 мм** е усогласен со МКС EN 13969 и МКС EN 13707. Лентата има голема отпорност на стареење, отпорност на UV зраци, поднесува големи дилатирања на објектот и големи напрегања на подлогата, издржлив е на притисок од подземни води и има голем дифузен отпор.

| КАРАКТЕРИСТИКИ | EN МЕТОДА | ЕДИНИЦА МЕРКА | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|
| **Влошка** | **полиестерски филц** | | |
| **Површинска заштита** | **полиетиленска фолија/полиетиленска фолија** | | |
| **Должина** | **МКС EN 1848-1** | **m** | **≥ 10** |
| **Ширина** | **МКС EN 1848-1** | **m** | **≥ 1** |
| **Рамномерност** | **МКС EN 1848-1** | **20 mm/10 m** | **одговара** |
| **Дебелина** | **МКС EN 1849-1** | **mm** | **4,0 ± 0,2** |
| **Водонепропустливост** | **МКС EN 1928** | **kPa** | **≥ 60** |
| **Паропропустност** | **МКС EN 1931** | **μ** | **20000** |
| **Сила на кинење надолжно / попречно** | **МКС EN 12311-1** | **N/50 mm** | **750/550 -30** |
| **Издолжување при кинење надолжно / попречно** | **МКС EN 12311-1** | **%** | **40/40 ± 5** |
| **Отпорност на високи температури** | **МКС EN 1110** | **°C** | **≥ + 110** |
| **Флексибилност на ниски температури** | **МКС EN 1109** | **°C** | **≤ - 15** |
| **Отпорност на кинење на клинец: надолжно / попречно** | **МКС EN 12310-1** | **N** | **≥ 200/200** |
| **Реакција на оган** | **МКС EN 13501-1** | **класа** | **E** |
| **Содржина на опасни материи** | **Анекс ЗА** | **-** | **не содржи** |
| **Отпорност на хемикалии** | **1847-13969 Анекс А** | **-** | **отпорен** |

**ПРИМЕНА: БИКУТОП П 4 мм** се применува за изведување на сите видови подземни и надземни хидроизолации, посебно каде што има големи напрегања на подлогата, изолација на темели, покриви, тераси, базени, мостови, паркиралишта, подземни гаражи и слично. Погоден е за хидроизолација на секакви подлоги (бетон, челик, дрво и друго). Во системот на хидроизолација може да се комбинира со други видови на битуменски ленти.

**ВГРАДУВАЊЕ:** Битуменската лента се вградува со заварување по целата површина и преклоп на лентите 10cm.

**СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ:** Ролните се складираат во вертикална положба, во сув и покриен простор, заштитени од директно влијание на сонце. Во зимски услови пред употреба, ролните треба да бидат складирани најмалку 24 часа на температура ≥ +5 °C.
Ролните се транспортираат во вертикална положба. За исправен транспорт е одговорен превозникот.
**Системот за квалитет е усогласен со EN ISO 9001.**

Напомена: На барање на купувачите одредени карактеристики на производот може да се променат. Наведените податоци се валидни и се темелат на статистички контроли на квалитетот. За неправилен избор на битуменска лента за одредена намена и за неправилно вградување производителот нема одговорност. Производителот одговара за декларираниот квалитет.